## СТУДИСКА ПРОГРАМА

### КОНФЕРЕНЦИЈА ТЕМПУС

Претставници на Машинскиот факултет во Скопје пристуствуваа на завршната конференција организирана во рамките на ТЕМПУС проектот: “Компетенции – поврзување на компетенциите помеѓу високото образование и стопанството: од каталог на компетенции до стратегија и развој на наставни програми”, која се одржи во периодот од 9-11.11.2011 во Зеница, Босна и Херцеговина. Во рамките на конференцијата беа дискутирани придобивките за вклучените институции и беа дадени сугестии за продлабочување на идната соработка.

Започна со настава нова магистерска студиска програма за менаџмент на животен циклус на производи. Магистерските студии се со траење од една година, при што наставата се изведува од професори на Машинскиот факултет, Економскиот факултет, Технолошко-металуршкиот факултет и Филозовскиот факултет при УКИМ, како и визитинг професори од партнерските универзитети од Торино, Марибор, Нови Сад, Загреб и Сплит, со можности за мобилности на професорите и студентите од и кон партнерските универзитети. Кандидатите се стекнуваат со диплома магистер на технички науки од областа на индустриското инженерство и менаџмент, со можност за двојна диплома од Техничкиот универзитет во Торино.

### ПОСЕТА

Од 23-25.11.2011 се одржа средба со партнерите од Австрија во рамки на Македонско-Австрискиот проект за научна-технолошка кооперација со име „Комбиниран симулациски модел како поддршка при страгиското одлучување“. Беа посетени неколку македонски фирми и беа направени концептуални модели за самиот проект.

## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец ноември 2011 година остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Во рамките на Темпус проектот MAS-PLM, вон. проф д-р Валентина Гечевска оствари службени патувања во Р. Грција и Р. Хрватска.
2. Вон. проф. д-р Атанас Кочов и асс. м-р Ташко Ризов на службено патување во Р. Босна и Херцеговина.
3. Проф. д-р Роберт Миновски и асс. м-р Бојан Јованоски на службено патување во Зеница, Р. Босна и Херцеговина.
4. Асс. м-р Бојан Прангоски на службено патување во Р. Србија.
5. Асс. м-р Кристина Јакимовска на службено патување во Р. Србија.
6. Проф. д-р Ристо Цицонков на службено патување во Р. Србија.
7. Вон. проф. д-р Атанас Кочов на службено патување во Р. Италија.
8. Вон. проф. д-р Ристо Филкоски на службено патување во Норвешка.
9. Вон. проф. д-р Виктор Гаврилоски, вон. проф. д-р Дарко Данев и асс. м-р Јована Јованова од 11-15 декември 2011 година остварија службено патување во Италија со цел посета на Техничкиот универзитет во Бергамо во рамки на активностите предвидени со ТЕМПУС проект.
10. Вон. проф. д-р Атанас Кочов и асс. м-р Ташко Ризов од 12-13 декември 2011 година остварија службено патување во Австрија во рамки на активностите предвидени со проектот "Почисто производство 2011".
11. Проф. д-р Радмил Поленаковиќ оствари службено патување на Косово со цел учество на Меѓународна конференција која се одржа во Приштина од 7-10 декември 2011 година.
12. Вон. проф. д-р Валентина Гечевска оствари службено патување во Србија со цел учество на десеминациски настан на Машинскиот факултет во Белград организиран во рамки на ТЕМПУС проектот MAS-PLM, кој се одржа во период од 4-6 декември 2011 година.
13. Вон. проф. д-р Ристо Филкоски, во период од 28.11. до 2.12.2011 година оствари службено патување во Норвешка, со цел посета на компании од областа на енергетиката каде што изврши презентација на тема во врска со унапредување на енергетската ефикасност при производство на феролегури во РМ.
14. Проф. д-р Предраг Поповски, проф. д-р Валентино Стојковски и вон. проф. д-р Димитри Козинаков во период од 5-9 декември 2011 година остварија службено патување во Словенија со цел присуство на испитувања на опрема за ХЕЦ "Св.Петка".

### КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**29.12.2011**
**41 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**
Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.
Борис Рошков, дипл. ел. инж.

**Година 2011, ноември, број 105**

# ФАКУЛТЕТСКИ ИНФОРМАТОР

## ДОКТОРСКИ СТУДИИ

На 1 декември 2011 година (четврток), во големиот амфитеатар на Филозофскиот факултет, со почеток во 11,00 часот, се оддржа првото предавање од обуката за истражување на третиот циклус - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со што се означи и официјалниот почеток и работата на Школата за докторски студии на Универзитетот. Воведното обраќање и првото предавање под наслов „Универзитетот, науката и етиката - концепција и практика на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје“ го оддржа ректорот на Универзитетот проф. д-р Велимир Стојковски.